Macedonian | Македонски

# Знајте го вашиот ризик од невреме

## Невремето создава различни опасности

Невреме може да се јави секаде и во секое време.

Постојат многу природни знаци на невреме, на пример:

- **Грмежи и молња**
- **Ветрови што предизвикуваат штети**
- **Интензивни, обилни врнежи**
- **Поројна поплава**
- **Големи моќни бранови, надоаѓање на водата од океаните и крајбрежна ерозија**
- **Град**



## Невремето може да предизвика голема штета



невремето може да оштети куќи, автомобили и друг имот



невремето може да предизвика паѓање на дрва, гранки и електрични жици



невремето може да предизвика штети и поплави на крајбрежните области



невремето може да предизвика прекин на снабдувањето со електрична енергија и гас, на комуникации и на пристап до безбедна вода за пиење



невремето може да предизвика поројни поплави на патишта и имоти, ниски области, насипи и потоци.

Во ситуации опасни по животот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES

Macedonian | Македонски

# Знајте го вашиот **ризик од невреме**

NSW STATE EMERGENCY SERVICE



## Подгответе се за невреме

- Преземете ја апликацијата **Hazards Near Me** на вашите мобилни уреди и создадете **Зони за набљудување (Watch Zones)** за областите каде што живеете, работите и ги посетувате.
- Одржувајте ги олуците, дворот, балконот и покривот чисти, уредни и во исправна состојба.
- Погрижете се да имате соодветно осигурување.

## Подгответе комплет за вонредни ситуации

Во вашиот комплет за вонредни ситуации мора да има:

- Преносно радио и резервни батерии
- Батериска светилка и резервни батерии
- Свеќи и водоотпорни кибрити
- Комплет за прва помош (со предмети потребни за вашето домаќинство)
- Важни документи, вклучително броеви за контакт во вонредни ситуации
- Копија од сите планови за вонредни ситуации
- Водоотпорна торба за скапоцености.

Во ситуации опасни по животот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES